


**ОДЕЊЕТО НА БОГОРОДИЦА ПО МАКИТЕ**
**(НОВОЗАВЕТЕН АПОКРИФ – II дел)**

Слушајќи го ова, пресвета Богородица и сите ангели извикаа во еден глас: *„Слава на твоето милосрдие Владико, слава на царството*
*твое, слава на твоето владеење, заедно со безначелниот Татко...“*

*„Појди, ќе ти покажам огнено езеро, да видиме каде се мачи родот христијански."*
Запраша Пречистата: „
*Оние кои се? Што им се гревовите?"*
Рече архангелот:
*„Овие се, Пре*
*чиста, крстените, кои му се ветиле на Христа, а творат дела ѓаволски, и го изгубија вре*
*мето за своето покајување, па таму се мачат.*
" Му рече Пречистата на архангелот:
*„И уште*
*едно те молам тебе Михаиле, и јас да се мачам со овие христијани, бидејќи синови Божји се нарекоа."*
И му рече Пресветата на архангелот:
*„Нареди им на ангелските редови да ме*
*земат и да ме постават пред невидливиот Татко."*

Веднаш, по волјата на архангелот пристапија херувимите, серафимите, и ја зедоа Пресветата и ја поставија пред престолот на невидливиот Татко, и простирајќи ги своите раце кон страшниот престол и кон Невидливиот, и насочувајќи ги очите кон безначелниот свој Син, се помоли, зборувајќи: *„Помилувај го, Владико, христијанскиот*

*род, не можам да го трпам нивното житие, туку да се мачам и јас со нив*
."

Дојде од *„Колку се маките каде што се мачи христијанскиот род* Владиката глас: *„Како можам да ги помилувам*
...?" Рече Пречистата:?" И рече архангелот:
*„Без*
*бројни се маките."*
Рече Пречистата:
*„Псжажи ги оние кои се на небото и на земјата."*
Тогаш нареди архистратигот, открија западните ангели и зина пеколот и виде Богородица мачен народ, мажи и жени, и го запраша архангелот: „
*Кои се овие и што им се гревовите*
?" И рече арахангелот:
*„Овие се, Пречиста, оние кои не веруваа во Тројцата, заради што се мачат."*




*Црквата „Света Богородица“ во Битола*

Воздивна Пречистата и ги впери очите свои кон небото и рече: *„Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, да*
*се дигне оваа темнина и да ги видам овие маки!"*
И се дигна темнината и ги покри седумте небеса. Лежеше тука народ, мажи и жени, виде голем плач Пречистата, просолзи и рече
*:*
*„Што стоите тука?"*
И немаше глас од мачените. И им рече архангелот на грешниците:
*„Зошто не и зборувате на Пречистата?"*
Одговорија тие и рекоа:
*„Од века не сме виделе*
*светлина, па не можеме да ја видиме Пречистата."*

Лежеше врела смола на нив и извикаа мачените: *„О, Пречиста Госпого, Синот твој дојде и не не извести, дојде Аврам, дојде Јован Крстител и апостол Павле и не ни се јавија, а ти Пречиста како не прашуваш?"* Тогаш рече Пречистата:
*„Кои се, какви им се гревовите?" „Овие се Пречиста, оние кои не верувале во Светата Тројца и тебе Богородице не те исповедуваа, иако од Тебе се роди тво јот Син и Бог наш Исус Христос."*
Им рече Пречистата на мачениците: „
*Зошто така сте се излажале окајани, а не знаевте дека за името мое име се мачи целото битие."*

И ова го кажа пресвета Богородица и пак падна темнина врз нив. И и рече архангелот на Пречистата: *„Каде сакаш да излеземе, на запад или на полден?"* Рече Пречистата *„Н а полден."*
И веднаш пристапија херувими, серафими и мноштвото ангелско, и ја изнесоа Пречистата на полден. Оттаму излегуваше река огнена и во неа стоеше многуброен народ, мажи и жени, некои до појасот, некои до вратот, ги виде Пречистата, воздивна и ги запраша ангелите:

„*Кои се овие кои до појасот во оган стојат?"* Рече архангелот: „*Овие кои до појасот во оган стојат, тие се, Пречиста, оние кои примиле татковска и мајчина клетва, затоа така се мачат*
." И рече Пречистата:
*„А овие кои се до градите?"*
Рече архангелот:
*„Овие се*
*оние кои на своите кумови лоши зборови им кажувале и во своето безумие се огрешија, затоа толку се мачат*
." И рече Пречистата:
*„Овие кои се, што се до вратот потопени во огнот?"*
Рече архангелот:
*„Овие се, Пречиста, оние кои јаделе човечко месо*
."

И рече Пречистата: „*Возможно ли е да се јаде човечко месо?"* Одговори архангелот: *„Сл ушај,*
*Пречиста, тие што јаделе месо човечко, јас ти кажувам дека тие се оние кои од цревата*

*ги изнесуваат своите чеда и им ги фрлаат на кучињата да ги изедат, и брат братот го пре даваат на смрт, таткото дури своите чеда, дури цареви и кнезови, тие се човечки меса, затоа толку се мачат." „Оние се кои чесен крст држеа, се колнат во него со лаги, така што трепери небото и земјата, ангелите и архангелите, а луѓето се колнат во лаги, затоа се мачат."*



*Исус Христос во Берово*

И виде Пречистата на она место човек кој виси за нозете, го јадеа црви и запраша Пречистата: „*Кои му се греовите на овој човек*?" Рече архангелот: *„Овој земал лихва од своето злато, затоа се мачи."*
И виде Пречистата жена обесена за ушите свои и го запраша архангелот: „
*Кои и се гревовите*
?" У рече:
*„Оваа пренесувала, клеветела, ги карала меѓусебно блиските, затоа се мачи“.*
Рече Пречистата: „
*Зошто си се родила*
?" Пак рече архангелот: „Не си видела уште поголеми маки."

И му рече Пречистата на архангелот: *„Да одиме и да ги видиме сите маки."* И рече архангелот: „
*Каде сакаш Пречиста да излеземе*
?" Рече Пречистата:
*„Да излеземе на запад.*
" И пристапија херувими, серафими и множество ангели и ја одведоа Пречистата на запад. И виде Пречистата голем облак, во средината на облакот стои одар, на него беше народ, мажи и жени, и змии огнени лежеа над нив. Огнените пламени како трски ги јадеа грешниците на одарот.

Гледајќи, Пречистата просолзи и го запраша архнгелот: *„Кои се овие, што им се гревовите?"* Р
ече арахангелот:
*„Овие се, Пречиста, оние кои не станале на утрена во Света Недела, а лежеа како мртовци, затоа вака се мачат."*
Слушна Пречистата ако некому му се запали куќата и ја опфати огнот, а не може да избега, таквите немаат грев. Виде Пречистата столови огнени, седеа на нив множество мажи и жени кои гореа во оган и запраша:
*„Кои им се гревовите и колку се?"*
Рече архнгелот:
*„Овие се, Пречиста, оние кои не им станувaa на поповите кога влегуваа во црквата, затоа така се мачат."*

*Продолжува*

**Пишуваат:**

**Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВКА-АНТИЌ и
СЛАВЕ КАТИН**